Друштво за информатички инжененринг
НЕОКОМ АД увоз-извоз
Бр. 0307-439/1
14.12.2023 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-13667/1
Датум: 12-12-2023

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на стоки – скенери

Склучен помеѓу:

1.МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев" бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2.ДРУШТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ИНЖЕНЕРИНГ НЕОКОМ АД УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ, со седиште на бул.„Кузман Јосифовски Питу" бр.15 1000 Скопје, претставувано од Владислав Попов, управител во натамошниот текст: носител на набавката.

### I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ
Член 1

Предмет на овој договор е набавка и испорака на скенери, а по спроведената поедноставена отворена постапка по оглас бр.20148/2023.

Составен дел на договорот се техничките спецификации дефинирани од страна на договорниот орган и техничката понуда на носителот на набавката, прифатена од договорниот орган.

### II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ
Член 2

Единечната цена на скенер - Epson WorkForce DS-770II Color Duplex Document Scanner изнесува 23.616,00, без пресметан данок на додадена вредност (ДДВ).

Единечната цена на скенер - Epson DS-970 Color DuplexWorkgroup Document Scanner изнесува 45.704,00, без пресметан данок на додадена вредност (ДДВ).

Единечната цена на скенер - EPSON WorkForce DS-32000 изнесува 163.273,00, без пресметан данок на додадена вредност (ДДВ).

Вкупната вредност на договорот изнесува 1.092.633,00 денари без вклучен данок на додадена вредност ( во понатамошниот текст:ДДВ).

ДДВ износот на вкупната вредност на договорот изнесува 54.632,00 денари.

Вкупната вредност на договорот изнесува 1.147.265,00 денари со вклучен ДДВ.

III. РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

Член 3

Единечната цена и вкупната вредност од член 2 на овој договор за предметот на договорот е фиксна и непроменлива за целото времетраење на договорот.

IV. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Договорниот орган ќе врши плаќање врз основа на испорачана фактура од страна на носителот на набавката во рок до 30 (триесет) денови сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на Министерството кон која треба да биде доставена испратница/потврда за доставена/примена стока потпишана од двете договорни страни.

Кон фактурата носителот на набавката задолжително доставува испратница/потврда за доставена/примена стока во спротивно фактурата нема да биде платена и ќе биде вратена на докомплетирање кај носителот на набавката.

Фактурата се доставува по пошта или лично во писарницата на Министерството за финансии, на ул.„Даме Груев“ бр.12 во Скопје.

V. РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 5

Испораката на скенерите ќе се врши по писмена порачка, а врз основа на потребите на договорниот орган.

Рокот за испорака на скенерите изнесува максимум 30 денови по прием на писмена порачка од договорниот орган.

За извршената достава односно испорака, на скенерите двете договорни страни потпишуваат испратница/потврда за доставена/примена стока.

Местото на испорака на скенерите е во магацинот на Министерството за финансии на ул. „Даме Груев“, бр.12 во Скопје.

VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 6

Носителот на набавката се обврзува дека скенерите што е се предмет на овој договор ќе ги предаде фабрички нови, во потполно функционална состојба и според техничките карактеристики дадени во понудата.

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача скенерите во просториите на договорниот орган согласно со рокот даден во член 5 на овој договор.

Носителот на набавката се обврзува заедно со опремата да достави и упатство за ракување на македонски јазик.

## VII. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

### Член 7

Гарантниот период за скенерите е согласно гаранцијата на скенерите внесена во прифатената понудата на носителот на набавката од страна на договорниот орган и истиот започнува да тече сметано од денот на испораката на истите.

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот период да ги одржува скенерите.

Носителот на набавката се обвзува за време на гарантниот рок да врши бесплатна редовна проверка (контрола) на скенерите еднаш месечно и дека ќе се јави на повик во случај на дефект.

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот период да врши поправка или замена на резервните делови без надоместок.

Носителот на набавката се обврзува за секоја редовна контрола, редовен сервис и интервенција по повик да издаде работен налог во кој ќе биде наведена видот на интервенцијата, датум на интервенцијата, име и презиме на сервисерот и работникот кој бил присутен за време на сервисирањето и нивни потписи.

### Член 8

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантен рок:

- поправката на скенерите ќе ја вршат исклучиво обучени лица;
- поправката на скенерите ќе ја врши во просториите на договорниот орган, а само во исклучителни случаи кога поправката не е можно да се изврши на самото место, по претходна согласност на договорниот орган, ќе го земе апаратот со цел поправката да ја изврши во сервисот;
- ќе обезбеди друг апарат со исти или слични спецификации за замена на расипаниот апарат доколку не биде поправен во рок од 48 часа;
- ќе дава телефонска поддршка во работно време;
- одзивот на повик за дефект нема да биде подолг од 4 часа.

## VIII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 9

Договорниот орган се обврзува да определи лица кои ќе бидат задолжени за реализацијата на договорот.

Договорниот орган се обврзува дека скенерите ќе ги користи според техничките норми и упатства на производителот на скенерите.

Договорниот орган се обврзува дека за време на гарантниот период за редовно одржување на скенерите и евентуални поправки исклучиво ќе се обраќа кај сервисот на носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува да му плати на носителот на набавката за испорачаната опрема, во согласност со член 4 од овој договор.

## IX. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во валутата на која гласи договорот.

Со гаранцијата избраниот носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## X.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Договорот важи за период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на потпишување на двете договорни страни.

Доколку дојде до вредносно исполнување односно се испорачаат сите количини, истиот престанува да важи.

## XI. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 13

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на банкарската гаранција носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 14

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 15

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## X. ВИША СИЛА

### Член 17

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 16

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 17

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 18

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 19

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 20

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| Република Северна Македонија | ДРУШТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКИ |
| Министерство за финансии | ИНЖЕНЕРИНГ НЕОКОМ АД УВОЗ-ИЗВОЗ |
| Скопје | СКОПЈЕ |
| Dr. Fatmir Besimi | Владислав Попов |
| Министер за финансии | Управител |

Изработил: Рената Николоска
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Тасt


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup
+389 2 3255 637
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.4/13-19
издание 4

## ПРИЛОГ 1 КОН ДОГОВОР

### Технички спецификации

Скенер тип 1 – количина 20

| | |
|---|---|
| Тип на уред | Бизнис скенер серија |
| Тип на скенер | Sheet-fed, duplex, one-pass скенер во боја |
| Фотоелектричен уред (тип на сензор) | CIS (Color Contact Image Sensor) или еквивалентно |
| Извор на светлина | Ready scan LED или еквивалентно |
| Подржана резолуција на скенирање | Минимум 600 dpi Hardware<br>Минимум 1200 Dpi Interpolated (Digital) |
| ADF | Минимум 100 листа касета за хартија<br>Големина на хартија 8.5 x 240 max 2x2 min<br>Тежина на хартија 27-413 g/m2 |
| Брзина на скенирање | Минимум 45 ppm / 90 ipm |
| Поврзување | Минимум 1x USB 3.2 Gen. |
| Дневено скенирање (Daily Duty Cycle) | Минимум 7000 sheets |
| Функционалност за компресирање на фајлови | Hardware JPEG compression, TIFF Compression (JPEG(7) , CITT G4, LZW), PDF Compression |
| Подржани оперативни системи | Windows 10, Win 8/8.1, Windows 7, Mac OS 10.10.x-10.15.x |
| Гаранција | Минимум 1 година |

Скенер тип 2 – количина 10

| | |
|---|---|
| Тип на уред | Бизнис скенер серија |
| Тип на скенер | Sheet-fed, duplex, one-pass скенер во боја |
| Фотоелектричен уред (тип на сензор) | CIS (Color Contact Image Sensor) или еквивалентно |
| Извор на светлина | Ready scan LED или еквивалентно |
| Подржана резолуција на скенирање | Минимум 600 dpi Hardware<br>Минимум 1200 Dpi Interpolated (Digital) |
| ADF | Минимум 100 листа касета за хартија<br>Големина на хартија 8.5 x 240 max 2x2 min<br>Тежина на хартија 27-413 g/m2 |
| Брзина на скенирање | Минимум 85 ppm / 170ipm |
| Поврзување | Минимум 1x USB 3.2 Gen. |
| Дневено скенирање (Daily Duty Cycle) | Минимум 14 000 sheets |
| Функционалност за компресирање на фајлови | Hardware JPEG compression, TIFF Compression (JPEG(7) , CITT G4, LZW), PDF Compression |

| | |
|---|---|
| Подржани оперативни системи | Windows 10, Win 8/8.1, Windows 7, Mac OS 10.10.x-10.15.x |
| Гаранција | Минимум 1 година |

Скенер тип 3 – количина 1

| | |
|---|---|
| Тип на уред | Бизнис скенер серија |
| Тип на скенер | Sheet-fed, duplex, one-pass скенер во боја |
| Фотоелектричен уред (тип на сензор) | CIS (Color Contact Image Sensor) или еквивалентно |
| Извор на светлина | Ready scan LED или еквивалентно |
| Подржана резолуција на скенирање | Минимум 600 dpi Hardware<br>Минимум 1200 Dpi Interpolated (Digital) |
| ADF | Минимум 120 листа касета за хартија<br>Големина на хартија A3, A4, A5, A6, A7, A8, C4 (Envelope), C5 (Envelope), C6 (Envelope), Postcard, Business cards, Plastic cards<br>Тежина на хартија 20-413 g/m2 |
| Брзина на скенирање | Минимум 90 ppm / 180 ipm |
| Поврзување | Минимум 1x USB 3.2 Gen. |
| Дневено скенирање (Daily Duty Cycle) | Минимум 40000 sheets |
| Функционалност за компресирање на фајлови | Hardware JPEG compression, TIFF Compression (JPEG(7) , CITT G4, LZW), PDF Compression |
| Подржани оперативни системи | Windows 10, Win 8/8.1, Windows 7, Mac OS 10.10.x-10.15.x |
| Екран | Touch screen колорен екран |
| Гаранција | Минимум 1 година |

НАПОМЕНА: набавката не е делива

*Рок на испорака 30 работни денови по добиена нарачка од договорниот орган.

***Понудената опрема треба да е нова. Секоја понуда на обновени (Refurbished) конфигурации се отфрла.**

***Со доставување на понудата, задолжително да се испорачаат и оригинални брошури од производителот за понудените скенери со точни спецификации и јасно назначени бараните и понудените карактеристики за производите кои се понудени и кои ќе се испорачаат.**

ПРИЛОГ 2 –ТЕХНИЧКА ПОНУДА НА НОСИТЕЛ НА НАБАВКА

Slavko Kostadinovski

Digitally signed by Slavko Kostadinovski
DN: C=MK, OU=VAT - 4030993101002, OU=Prodazba, OID.2.5.4.97=NTRMK-4139895, O=Neocom, SERIALNUMBER=166402, T=Direktor na prodazba i marketing, SN=Kostadinovski, G=Slavko, CN=Slavko Kostadinovski
Reason: I am the author of this document
Location: your signing location here
Date: 2023.11.23 09:12:36+01'00'
Foxit PDF Reader Version: 11.2.2

Врз основа на огласот број 20148/2023 објавен од страна на Министерството за финансии, за набавка на  со спроведување на поедноставена отворена постапка и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>

1.1 Име на понудувачот: Неоком АД Скопје
1.2 Контакт информации:
- адреса: бул. Кузман Јосифовски Питу 15, 1000 Скопје
- телефон: + 389 2 55 11 200
- е-пошта: sales@neocom.com.mk
- лице за контакт: Иван Србиновски

1.3 Одговорно лице: Владислав Попов
1.4 Даночен број: 4030993101002
1.5 Матичен  број: 4139895

Дел II – Техничка понуда

II.1. Нашата понудена опрема во целост ги содржи минималните спецификации предвидени во тендерската документација и тоа:

## 1.4.Скенер ТИП 1- количина 20

| **Понуден Скенер во боја (марка, тип, модел)** | **Epson WorkForce DS-770II Color Duplex Document Scanner** | |
|---|---|---|
| | **Барана минимална спецификација** | **Понудена спецификација** |
| Тип на уред | Бизнис скенер серија | Business scanner |
| Тип на скенер | Sheet-fed, duplex, one-pass скенер во боја | Sheet-fed, 1-pass, duplex color scanner |
| Фотоелектричен уред (тип на сензор) | CIS (Color Contact Image Sensor) или еквивалентно | CIS (Color Contact Image Sensor) |
| Извор на светлина | Ready scan  LED или еквивалентно | ReadyScan LED technology |
| Подржана резолуција на скенирање | Минимум 600 dpi Hardware<br>Минимум 1200 Dpi Interpolated (Digital) | 600 dpi Hardware<br>1200 Dpi Interpolated (Digital) |
| ADF | Минимум 100 листа касета за хартија<br>Големина на хартија 8.5 x 240 max 2x2 min<br>Тежина на хартија 27-413 g/m2 | 100 листа касета за хартија<br>Големина на хартија 8.5 x 240 max 2x2 min<br>Тежина на хартија 27-413 g/m2 |
| Брзина на скенирање | Минимум 45 ppm / 90 ipm | 45 ppm / 90 ipm |
| Поврзување | Минимум 1x USB 3.2 Gen. | 1x USB 3.2 Gen. |

| | | |
|---|---|---|
| Дневено скенирање (Daily Duty Cycle) | Минимум 7000 sheets | Минимум 7000 sheets |
| Функционалност за компресирање на фајлови | Hardware JPEG compression, TIFF Compression (JPEG(7) , CITT G4, LZW), PDF Compression | Hardware JPEG compression, TIFF Compression (JPEG(7) , CITT G4, LZW), PDF Compression |
| Подржани оперативни системи | Windows 10, Win 8/8.1, Windows 7, Mac OS 10.10.x-10.15.x | Windows 10, Win 8/8.1, Windows 7, Mac OS 10.10.x-10.15.x |
| Гаранција | Минимум 1 година | 1 година |

**Скенер ТИП 2- количина 10**

| Понуден Скенер во боја (марка, тип, модел) | Epson DS-970 Color Duplex Workgroup Document Scanner | |
|---|---|---|
| | **Барана минимална спецификација** | **Понудена спецификација** |
| Тип на уред | Бизнис скенер серија | Business scanner |
| Тип на скенер | Sheet-fed, duplex, one-pass скенер во боја | Sheet-fed, 1-pass, duplex color scanner |
| Фотоелектричен уред (тип на сензор) | CIS (Color Contact Image Sensor) или еквивалентно | Color CIS |
| Извор на светлина | Ready scan LED или еквивалентно | ReadyScan LED technology |
| Подржана резолуција на скенирање | Минимум 600 dpi Hardware<br>Минимум 1200 Dpi Interpolated (Digital) | 600 dpi Hardware<br>1200 Dpi Interpolated (Digital) |
| ADF | Минимум 100 листа касета за хартија<br>Големина на хартија 8.5 x 240 max 2x2 min<br>Тежина на хартија 27-413 g/m2 | 100-page Auto Document Feeder<br>Minimum: 2" x 2", Maximum: 8.5" x 240"<br>27 – 413 g/m2 |
| Брзина на скенирање | Минимум 85 ppm / 170ipm | 85 ppm / 170 ipm |
| Поврзување | Минимум 1x USB 3.2 Gen. | SuperSpeed USB 3.2 Gen 1 |
| Дневено скенирање (Daily Duty Cycle) | Минимум 14 000 sheets | 14.000 pages |
| Функционалност за компресирање на фајлови | Hardware JPEG compression, TIFF Compression (JPEG(7) , CITT G4, LZW), PDF Compression | Hardware JPEG compression, TIFF Compression (JPEG(7) , CITT G4, LZW), PDF Compression |
| Подржани оперативни системи | Windows 10, Win 8/8.1, Windows 7, Mac OS 10.10.x-10.15.x | Windows 10, Win 8/8.1, Windows 7, Mac OS 10.10.x-10.15.x |
| Гаранција | Минимум 1 година | 1 година |

**Скенер ТИП 3- количина 1**

| Понуден Скенер во боја (марка, тип, модел) | EPSON WorkForce DS-32000 | |
|---|---|---|
| | **Барана минимална спецификација** | **Понудена спецификација** |
| Тип на уред | Бизнис скенер серија | Business scanner |
| Тип на скенер | Sheet-fed, duplex, one-pass скенер во боја | Sheet-fed, 1-pass, duplex color scanner |
| Фотоелектричен уред (тип на сензор) | CIS (Color Contact Image Sensor) или еквивалентно | Color CIS |
| Извор на светлина | Ready scan LED или еквивалентно | ReadyScan LED technology |
| Подржана резолуција на скенирање | Минимум 600 dpi Hardware<br>Минимум 1200 Dpi Interpolated (Digital) | 600 dpi Hardware<br>1200 Dpi Interpolated (Digital) |
| ADF | Минимум 120 листа касета за хартија<br>Големина на хартија A3, A4, A5, A6, A7, A8, C4 (Envelope), C5 (Envelope), C6 (Envelope), Postcard, Business cards, Plastic cards<br>Тежина на хартија 20-413 g/m2 | 120-page Auto Document Feeder<br>A3, A4, A5, A6, A7, A8, C4 (Envelope), C5 (Envelope), C6 (Envelope), Postcard, Business cards, Plastic cards<br>20 – 413 g/m2 |
| Брзина на скенирање | Минимум 90 ppm / 180 ipm | 90 ppm / 180 ipm |
| Поврзување | Минимум 1x USB 3.2 Gen. | SuperSpeed USB 3.2 Gen 1 |
| Дневно скенирање (Daily Duty Cycle) | Минимум 40000 sheets | 40.000 pages |
| Функционалност за компресирање на фајлови | Hardware JPEG compression, TIFF Compression (JPEG(7) , CITT G4, LZW), PDF Compression | Hardware JPEG compression, TIFF Compression (JPEG(7) , CITT G4, LZW), PDF Compression |
| Подржани оперативни системи | Windows 10, Win 8/8.1, Windows 7, Mac OS 10.10.x-10.15.x | Windows 10, Win 8/8.1, Windows 7, Mac OS 10.10.x-10.15.x |
| Екран | Touch screen колорен екран | Type: Color, Touchscreen, Diagonal: 6,8 cm |
| Гаранција | Минимум 1 година | 1 година |

****Понудувачот задолжително ги пополнува сите полиња во делот „понуден скенер" и „понудена спецификација" во спротивно понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива.

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака за набавката утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

| 1 | 2 | 3 | 4 | 7 |
|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3x4) |
| Скенер тип 1 | парче | 20 | 23.616 | 472.320 |
| Скенер тип 2 | парче | 10 | 45.704 | 457.040 |
| Скенер тип 3 | парче | 1 | 163.273 | 163.273 |
| | | | ВКУПНО | 1.092.633 |

Во цената се вклучени сите патни и дневни трошоци за испораката и монтажата на опремата.

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 1.092.633 (еден милион деведесет и две илјади шестотини триесет и три денари). Вкупниот износ на ДДВ изнесува 54.632.

**Рокот за испорака и монтажа изнесува максимум 30 денови по прием на порачка.**

III. 2. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.
Нашата понуда е со важност од 120 дена сметано од датумот утврден како краен рок за поднесување на понуди.

IV.ПРИЛОЗИ

- Образец на понуда (Прилог 1)
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 2).
- Документи за докажување на способност или Изјава за докажување на способноста (Прилог 3).
- Изјава за докажување на способноста

**НАПОМЕНА: Доколку понудувачот понудата ја поднесува како група понудувачи, со подизведувач, користи способност од друг субјект или има доверливи информации, понудувачот во прилог на понудата ги доставува и другите барани прилози.

Со поднесувањето на оваа понуда, изјавуваме дека во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со Законот за јавните набавки.

Место и датум

Скопје, 27.11.2023

Одговорно лице

______________________________

(потпис*)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице